# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 07 Јуни 2019 година Скопје Бр.7 Год. XIV |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за основање на економски-социјален совет (Бизнис Клуб) на Општина Ѓорче Петров-Скопје ........стр.2
2. Одлука за прифаќање Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров ........стр.7
3. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров – Скопје ........стр.9


Јуни 2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за основање на економски-социјален совет (Бизнис Клуб) на Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за основање на економски-социјален совет (Бизнис Клуб) на Општина Ѓорче Петров – Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и осмата седница, одржана на ден 07.06.2019 година.

**Број 09-2090/1**
**од 07.06.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата Седница одржана на ден 07.06.2019 година, донесе:

**ОД Л У К А**
**за основање на економски-социјален совет (Бизнис Клуб)**
**на Општина Ѓорче Петров – Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа економски-социјален совет т.н. Бизнис Клуб на Општина Ѓорче Петров (ОЃП) за градење на партнерство и соработка со бизнис секторот и НВО кои имаат активности во делот на социјалното претприемништво.

Бизнис Клубот се формира согласно принципите на јавност, транспарентност и партиципативност, како и во согласност со стандардот BFC (business friendly certification) за препознавање на Општина Ѓорче Петров како бизнис пријателска општина, односно општина со поволно бизнис опкружување.

**Член 2**

Во Бизнис Клубот на ОЃП може да членуваат деловни субјекти со седиште во Општина Ѓорче Петров или субјекти кои имаат деловни или производствени капацитети на територијата на Општина Ѓорче Петров, како и НВО кои имаат активности во делот на социјалното претприемништво.

**Член 3**

Бизнис Клубот има консултативно-советодавна функција и разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Градоначалникот на Општината и други сектори во општината, за следните функционални подрачја од интерес за развој на локалната економија на Општина Ѓорче Петров:

- Партиципативен и партнерски пристап во креирањето на развојните стратегии на Општина Ѓорче Петров;
- Одржлив урбан развој на просторот и инфраструктурата;
- Промоција и презентација на локалната економија;
- Привлекување на домашени и странски инвеститори;
- Развивање на социјалното претприемништво;
- Пазарот на труд и модалитетите на развој на вештините и способностите на човечкиот капитал;
- Искористување на можностите кои ги нудат европските фондови за подршка на бизнис и НВО секторот;

- Креирање на јавно-приватен дијалог и создавање на услови за воспоставување на јавно-приватно партнерство;
- Дигитализација на општинските услуги (е-општина) во функција на поголема ефикасност и ефективност на бизнис секторот;
- Анализа на деловното окружување и статистичките индикатори на локалната економија;
- Маркетиншко презентирање на компаниите преку промотивни настани, учество на саеми, видео записи и публикации;
- Партнерство во креирање на регулаторна рамка и процедури, даночната политика и развивање на социјални концепти;
- Вмрежување со деловни клубови, деловни заедници и НВО мрежи од градови и региони во ЕУ и пошироко во светот;
- И многу други аспекти од интерес за деловниот, НВО секторот и Општината.

**Член 3**

Бизнис Клубот иницира постапки и предлага критериуми и награди за избор на најуспешни компании и менаџери на годината на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со официјалните податоци на релевантните државни институции за постигнати деловни и финансиски резултати на компаниите.

**Член 4**

Член на Бизнис Клубот може да биде секоја компанија која функционира на територијата на општината, на покана на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, а на основа на следните критериуми:

- Редовно ги плаќа своите даночни обврски;
- Постигнува високи деловни и финански резултати во дејноста во која функционира;
- Општествено одговорна компанија која ги препознава социјалните потреби и проблеми на локалната заедница.

**Член 5**

Бизнис Клубот broи 18 члена и тоа:

- Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров;
- Три члена од групата на компании (над 250 вработени);
- Три члена од групата на средни компании (од 100 до 250 вработени);
- Пет члена од групата на мали компании (под 100 вработени);
- Два члена од НВО секторот (социјално претприемништво), и
- Четири члена од истакнати стручни лица од областа на локалниот економски развој, урбаниот развој, образованието и социјалата.

Секој од членовите на Бизнис Клубот на ОЃП, својот претставник го именува од рангот на менаџментот на компанијата со доставување на известување за делегирање на член за Бизнис Клубот.

Мандатот на членовите на бизнис клубот е четири години.

Бизнис клубот е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа преку свои претставници ќе ги вклучува при разгледувањето на одредени прашања од соодветната област на нивен интерес и делување.

**Член 6**

Најмалку 50% од членови на Бизнис Клубот од член 5 ја претставуваат деловната заедница, а Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров има право да покани нов член на Бизнис Клубот на негов предлог или на предлог на некој од членовите на Бизнис Клубот.

**Член 7**

Претседател на Бизнис Клубот (по функција) е Градоначалникот на ОЃП, а од своите редови избира, заменик претседател и секретар на Бизнис Клубот од редовите на администрацијата од одделот за локален економски развој кои се избираат со просто мнозинство.

**Член 8**

Организациските и административно-техничките работи за потребите на Бизнис Клубот ги врши Секретарот, кого Бизнис Клубот го бира на 4 години од редот на вработените на Општинската администрација на ОЃП, без право на глас во Бизнис Клубот.

Бизнис Клубот донесува Деловник за работа со кој поблиску ја уредува организацијата и начинот на работа.

**Член 9**

Седиштето на Бизнис Клубот ќе биде на адреса: Општина Ѓорче Петров Ул.Ѓорче Петров бр.43, а состаноците на Бизнис Клубот се одржуваат во административните простории на ОЃП или во административните простории на некој од членовите на Бизнис Клубот.

**Член 10**

Бизнис Клубот утврдува календар на состаноци за секоја календарска година, кои состаноци ќе се одржуваат минумум 3 (три) пати годишно.

На состаноците на Бизнис Клубот неопходно се дискутира за прашања од надлешности на општината во функција на подршка на бизнис заедницата, но задолжително на следните теми:

- буџет и годишен план на капитали вложувања;
- општински мерки за поддршка на стопанството и вработување;
- административни и комунални такси и надоместоци;
- просторно-планска документација (урбанистички планови кои се однесуваат на деловни/индустриски зони);
- цена и квалитет на комунални услуги.

**Член 11**

Средствата за основање и работата на Бизнис Клубот се обезбедуваат на доброволна основа од членовите на Бизнис Клубот согласно можностите, а врз основа на меѓусебен договор.

Покрај средствата од став 1 на овој член, финансиски и нефинансиски средства за работа на Бизнис Клубот може да се обезбедуваат и од донации, прилози, спонзорства на домашни и странски правни и физички лица и други извори во согласност со позитивните законски регулативи.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1992/3**
**од 07.06.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „Повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „Повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и осмата седница, одржана на ден 07.06.2019 година.

**Број 09-2090/2**
**од 07.06.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ “ Бр. 05/02 ), член 16, став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12,144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата Седница одржана на ден 07.06.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „Повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се прифаќа Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „Повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров,изготвена од Таргет Комуникации ДООЕЛ Скопје број 497/5 од 14.05.2019 година.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров врз основа на препораките од Физибилити студијата со помош на стручни лица да се изготви Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор договор за Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на „Повеќенаменски комплекс за јавни услуги“ на територија на Општина Ѓорче Петров за разгледување и усвојување на првата наредна седница.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1992/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 07.06.2019 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и осмата седница, одржана на ден 07.06.2019 година.

**Број 09-2090/3**
**од 07.06.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 39 став 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М." број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата Седница одржана на ден 07.06.2019 година, донесе:

## О Д Л У К А

## за донесување на Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Урбанистичкиот план вон населено место, во целост ги почитува Условите за планирање на просторот со техн.бр.05214і од ноември 2014 година и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.15-1783/8 од 16.12.2014 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на Р.М. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 228/15, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

### Ч л е н 2

Просторот за кој се донесува Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петро-Скопје е со површина на плански опфат од 255,62ха, во рамки на следните граници:

Границата започнува од оската на обиколницата во КО Волково, оди кон северозапад по јужната граница на КП 2043/2 се до тромеѓето на КП2043/2, 2054 и 2055, , од тука скршнува кон југозапад по западната граница на КП 2054 и 2056/2 се до границата со КО Кучково, продолжува кон југозапад по југоисточната граница на КП3421/2, 3413/1, 3413/2 се до тромеѓето на КП3428, 3438/2 и 3440, скршнува кон северозапад по северната граница на КП3440 се до првата прекршна точка, од тука врти кон југозапад, ја сече КП3440 и оди се до КП3397/1, од тука продолжува кон југ по источната и јужната граница

на КП 3397/1 се до тромеѓето на КП3397/1, 3611/1 и 3612/1. оди кон север по западната граница на КП3612/1, потоа скршнува кон запад по југозападната граница на КП 3397/3 и КП3397/1 ја сече КП4519(пат) се до тромеѓето на КП4519, 3634 и 3633, врти кон запад по северната граница на КП3633 се до тромеѓето на КП3633, 3634 и 4490(поток), скршнува кон југ по источната граница на КП4490(поток) се до тромеѓето на КП4490, 3621 и 3618, од тука врти кон запад по јужните граници на КП 3673, 3672 и 3666 се до четворомеѓето на КП 3666, 3665, 3667 и 3663, врти кон југ по источните граници на КП 3663 и 3662 се до тромеѓето на КП3662, 3658/1 и 3905(пат), врти кон запад по јужната граница на КП3662 се до КП3905(пат) кој истовремено е и граница со општина Сарај. Потоа по општинската граница се спушта кон југ се до границата меѓу КП 4085 и 4145, продолжува кон југ по источните граници на КП 4145, 4144, 4143, 4142, 4140, 4139, 4137, 4135, 4127, 4128/2 продолжува кон југ по западните граници на КП 1920, Ко Кучково, се до тромеѓето на КП 1920, 1874 и 1878, врти кон југозапад по северните граници на КП 1878, 1921, 1922, 1923, 1928, 1929 и 1933 се до 1932 и излегува на границата со општина Сарај, скршнува кон југоисток и по општинската граница се спушта се до оската на северната обиколница. Од тука се движи кон север по оската на обиколницата се до почетната точка во КО Волково.

## Член 3

Конечниот Предлог Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров-Скопје е изработен од ИН ПУМА, институт за сообраќај, екологија и урбанизам, Скопје со технички број 31/2019 од мај 2019 година.

Деталниот Урбанистички план е со следната СОДРЖИНА:

- Насловна страна
- Текстуален дел
- Графички дел
- Прилози

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Вовед
2. Површина и опис на границите на планскиот опафат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина
4. Податоци за природни чинители
    - 4.1. Релјефни карактеристики
    - 4.2. Климатски карактеристики
    - 4.3. Сеизмички карактеристики
    - 4.4. Хидролошки карактеристики
    - 4.4.1 Хидролошка студија
5. Податоци за создадените вредности и чинители

5.1. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супструктура

6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели

7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
8. Анализа на можности за просторен развој
9. Други прилози
   9.1 Пописни листи од извршената нивентаризација на теренот
   9.2. Нумерички податоци за постојна состојба

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански периодповршина на Планскиот опфат и општина на која припаѓа подрачјето на планскиот опфат.
2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура
   3.1. Единици на градежно земјиште
   3.2. Намени на градежно земјиште
   3.3. Сообраќајно решение
   3.4. Нивелманско решение
   3.5. Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура
   3.6. Хидротехничка инфраструктура
4. Општи услови заизградба,развој и корисрење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат
5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање
   6. Мерки за заштита
   6,1. Мерки за заштита на животна средина и природата
   6.2.Мерки за заштита и спасување
   6.3.Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност
   6.4.Мерки за заштита на културното наследство

   7. Нумерички дел:
   7.1.Нумерички показатели

Графички дел:
Документациона основа
1.Извод од просторен план на Република Македонија
1.1 Користење на земјиштето ---------------------------- 1:250000
1.2 Систем на населби и сообраќајна мрежа ---------------------------- 1:250000
1.3 Водостопанска и енергетска инфраструктура ---------------------------- 1:250000
1.4 Реонизација и категоризација на просторот за заштита ------------------ 1:250000
2. Ситуација со пошироко опкружување ------------------ 1:50000
3.Ажурирана геодетска подлога ------------------ 1:2500
4.Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупна физичка, супраструктура на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат----------- 1:2500
5. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура ----------- 1:2500
6.Заштитно конзерваторска основа ----------- 1:2500

Планска документација:

1. План на намена на земјиштето и градбите ---------------------------- 1 : 2500
2. регулационен план -------------------------------- 1 : 2500
3. план на површини за градење, ------------------ 1 : 2500
4. Сообраќаен план и нивелациски план ------------------ 1 : 2500
5. Инфраструктурен план ------------------------------------- 1 : 2500
6. План на зеленило ------------------------------------- 1 : 2500
7. Синтезен план ------------------------------------- 1 : 2500

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1992/5**
**од 07.06.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**